# МКД 03

## Жртвата отпочнала постапка да добие компензација од државниот фонд за деца

Жртвата, на возраст од 14 години, била принудена од две лица да дава сексуални услуги на неутврден број возрасни мажи. Девојчето било излажано преку т.н. „љубовник" метод и насила било донесено во домот на сторителот каде било принудена да дава сексуални услуги. Кога конечно останала без придружба, жртвата ја искористила шансата да избега од домот и да го пријави случајот во полиција. Ла Страда – Отворена Порта ѝ овозможи на жртвата психо-социјална помош, правна помош и заштита, а воедно ги покри трошоците за психијатриското вештачење при утврдувањето на нематеријалната штета. По завршувањето на кривичната постапка, двајцата сторители биле осудени на затворска казна од 11 години за делото трговија со малолетно лице. Судот доделил компензација во висина од 400.000,00 денари (€6.500), а жртвата побарала помош од извршител со цел да ја наплати сумата од сторителите. Извршителот доставил потврда дека ниту еден од сторителите нема ниту недвижен имот, ниту банкарски сметки односно движен имот кој би можел да биде конфискуван. По ова, жртвата отпочнала судска постапка со цел да добие компензација од државниот фонд за деца.